# А - Дозвола за усогласување со оперативен план

Име на компанијата**: ОКТА Рафинерија на нафта**

Адреса: **ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци, општина Илинден**

Поштенски број и град: **1000 Скопје**

Број на Дозволата
Бр. {}

**Ministerstvo za `ivotna sredina i prostorno planirawe**
Bul.Goce Del~ev br.18 (zgrada na MTV 10 sprat)
1000 Skopje

## Содржина

Содржина ........................................................................................................................2

Речник на користени поими........................................................................................ 3

Вовед.............................................................................................................................. 7

1 Инсталација за која се издава Дозволата ....................................................................13

2 Работа на инсталацијата ...............................................................................................15
2.1 Техники на управување и контрола..........................................................................15
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)..................................................................................17
2.3 Техники на работа......................................................................................................18
2.4 Заштита на подземните води.....................................................................................19
2.5 Ракување и складирање на отпадот .........................................................................20
2.6 Преработка и одлагање на отпад..............................................................................22
2.7 Енергетска ефикасност .............................................................................................22
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија.........................................................23
2.9 Бучава и вибрации .....................................................................................................24
2.10 Мониторинг ..............................................................................................................25
2.11 Престанок на работа.................................................................................................26
2.12 Инсталации со повеќе Оператори .........................**Error! Bookmark not defined.**

3 Документација...............................................................................................................27

4 Редовни извештаи .........................................................................................................28

5 Известувања...................................................................................................................30

6 Емисии ...........................................................................................................................31
6.1 Емисии во воздух .......................................................................................................31
6.2 Емисии во почва..........................................................................................................35
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)......................................35
6.4 Емисии во канализација ............................................................................................37
6.5 Емисии на топлина......................................................................................................37
6.6 Емисии на бучава и вибрации ...................................................................................38
6.7 Емисии на отпад..........................................................................................................38

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води .....................................................38

8. Услови надвор од локацијата ........................................................................................38

9. Оперативен план ...........................................................................................................39

10. Договор за промени во пишана форма.......................................................................40

Додаток 1 .........................................................................................................................42

Додаток 2 .........................................................................................................................43

Додаток 3 .........................................................................................................................44

## Речник на користени поими

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа Дозвола |
| **Би-годишно** | Цел или дел од шест последователни месеци |
| **БПК$_5$** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ВОЈ** | Вкупен Органски Јаглерод |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци<br>Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Градежен отпад и отпад од рушење** | Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин. |
| **Гранични вредности на емисија** | Оние гранични вредности на емисија кои се дадени во Поглавје 6 од оваа Дозвола |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстација што може да биде емитирана во единица време. |
| **ГХ/МС** | Гасна хроматографија / Масена спектрометрија |
| **dB(A)** | Децибели |
| **Двегодишно/ биенално** | Еднаш на секои две години |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Дневно време** | Периодот од 06.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за „ноќно време“). |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во пишана или електронска форма кој се бара со оваа Дозвола. |
| **Еколошка штета** | Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 точка 51 од Законот за животна средина |

| | |
|---|---|
| **ЕС** | Електро-спроводливост (µS/sm) |
| **ЕФТ** | Еквивалентен Фактор на Токсичност |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за „индустриски неопасен отпад“ во член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад. |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за „инсталација“ од член 5 точка 35 од Законот за животна средина:<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објектите, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или слични градби, потребни за работа на инсталацијата. |
| **ИСКЗ** | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **Инцидент** | (а) итен случај;<br>(б) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа Дозвола;<br>(в) секое ниво, дадено во ова Дозвола, а е достигнато или надминато, и<br>(г) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи. |
| **К** | Келвин (единица мерка за температура). |
| **Капацитет/ опрема за задржување** | Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал. |
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **kPa** | Кило Паскали |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |
| **Локација чувствителна на бучава (ЛЧБ)** | Секоја населена куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **Македонски каталог на отпад / Листа на видови отпади (ЛВО)** | Листа на видови отпади, Службен весник бр.100/05 |

| | |
|---|---|
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **Надлежен орган** | Орган надлежен за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри Достапни Техники |
| **Неделно** | За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 06.00 часот (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за „дневно време“) |
| **Одржување** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да се извршува функцијата |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за „Оператор“ од член 5 точка 40 од Законот за животна средина:<br>- секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на Дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа Дозвола се однесува на прилозите поднесени како дел од оваа Дозвола |
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа Дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти |
| **ПСОВ** | Пречистителна Станица за Отпадни Води |
| **ПУЖС** | Програма за Управување со Животната Средина |
| **ПУР** | План за Управување со Ризици |
| **ПУРЗ** | План за Управување со Ризикот по Затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има Дозвола/е овластена да работи |
| **РЗПЗМ** | Регистер на Загадувачи и Пренесување на Загадувачки Материи |
| **РК** | Растворен кислород |
| **Санитарен/** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во |

| | |
|---|---|
| **комунален ефлуент** | инсталацијата |
| **СИСП/IPC** | Спректроскопија со Индуктивно Спрегната Плазма |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено |
| **Соодветно осветлување** | 20 лукса, мерено на ниво на почва |
| **Стандардна Метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. EN, ISO, CEN, BS или еквивалентно). |
| **Течен отпад** | Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја. |
| **Тешки метали** | Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 $g/cm^3$ |
| **ХПК** | Хемиска потрошувачка на кислород |
| **CEN** | Comité Européen De Normalisation - Европска Комисија за стандардизација |
| **Часови за прифаќање на отпад** | Часови во кои на инсталацијата и е дозволено да прифаќа отпад |

# Вовед

*Овие воведни белешки не се дел од Дозволата*

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13 ) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски Додаток за поднесување на барање за усогласување со оперативен план („Службен весник на РМ“ бр. 89/2005), до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа Дозвола

ОКТА Рафинеријата за нафта се наоѓа североисточно од градот Скопје на растојание од 18 km и зафаќа територија од 150 ha.
Во 1999 година извршена е приватизација на ОКТА при што станува дел од грчката фирма Хеленик Петролеум. Рафинеријата е изградена помеѓу 1978 и 1982 година и воглавно користи руска опрема.
Рафинеријата работи седум дена неделно, дваесет и четири часа дневно и има околу 700 вработени.
Производствениот асортиман ги опфаќа следните производи: бензини (20%), дизел горива (40%) и мазут (30%). Дополнително се произведуваат ТНГ и млазното гориво кои заземаат околу 10% од вкупното производство на рафинеријата.
Процесните постројки кои се инсталирани во ОКТА рафинерија е од хидроскиминг тип, со постројка за изомеризација. ОКТА има проектиран капацитет од 2.5 милиони тони сурова нафта годишно и капацитет на резервоари од 250 000 $m^3$.
Снабдувањето со сурова нафта се врши преку нафтоводот Солун-Скопје со кој стопанисува компанијата Вардакс..

Во 2003 година пуштена е новата постројка за хидродесулфуризација на дизелните фракции во постројката за хидродесулфуризација на дизелните фракции.

.Во Јуни 2008 година пуштена е во работа Постројката за производство на течен сулфур (Клаус Постројка).

Во Февруари 2010 година пуштена е во работа Инсталација за пречистување на технолошки кисело-базни води.

Рафинеријата не поседува сертифициран Систем за управување со животната средина. Сите активности поврзани со заштитата на животната средина ги следи Службата за Екологија - ОЦ Заштита која е во рамки на постојната систематизација на рафинеријата

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на Дозволата | Број на Дозвола | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

## *Комуникација*

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.
За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган Министерство за животна средина и просторно планирање на адресата Бул. Гоце Делчев бр.18 (зграда на МТВ 10 кат), 1000 Скопје, Република Македонија.

## *Доверливост*

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

## *Промени во Дозволата*

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

**Предавање на Дозволата при престанок на работа на инсталацијата**
При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

**Пренос на Дозволата**
Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

**Преглед на барани и доставени документи**

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Доставено е Барањето за добивање на А-дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-6131/1 | 28.12.2006 | Доставеното барање имаше недостатоци |
| Напишан е заклучок бр.11-1279/1 | 27.02.2007 | Изготвен е заклучок за дополнување на барањето |
| Доставено е дополнување на барањето бр. 11-1279/2 | 26.04.2007 | Доставено е дополнување на барањето. |
| Објава на Барањето за усогласување со оперативен план бр.11-2778/1 | 03.05.2007 | Извршена е објава на барањето во Дневен печат и на официалната WEB страна на МЖСПП |
| Доставување на Примероци од барањето до надлежните министерства бр.11-1279/4 | 18.05.2007 | Доставување по еден примерок од барањето до министерството за здраство, земјоделие шумарство и водостопанство |
| Доставување на Примерок од барањето до општина Илинден и ККЈ бр.11-1279/3 | 17.05.2007 | Доставен е примерок од барањето во општина Илинден и ККЈ |
| Напишан е заклучок бр.11-1559/1 | 05.02.2010 | Напишан е заклучок за дополнување бидејќи во инсталацијата од денот на првичното доставување на Барањето имало значајни промени во технолошкиот процес. |
| Доставување на комплетно ревидирано дополнување на барањето бр.11-2881/1 | 11.03.2010 | Бидејќи во инсталацијата од денот на првичното доставување на Барањето имало значајни промени во технолошкиот процес доставено е комплетно ревидирано барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план. |
| Напишано е известување бр11-2881/2 | 01.04.2010 | Напишано е известување до Окта за прием на |

| | | |
|---|---|---|
| | | ревидираното барање |
| Напишана е покана за состанок со Окта бр.11-9798/1 | 19.10.2010 | Напишана е покана за состанок со Окта со цел да се одреди динамиката за понатамошната работа околу дозволата. |
| Напишано е известување до Окта бр.11-2815/1 | 18.03.2011 | Напишано е известување до Окта |
| Доставена е информација бр.13-7395/1 од страна на Окта | 22.08.2011 | Доставена е информација преку државен инспекторат за животн асредина |
| Донесување на одлука за започнување на преговорите со Окта бр.11-4617/1 | 06.05.2011 | Донесена е одлука за започнување на преговорите со Окта |
| Донесување на одлука за формирање на тим за преговорите со Окта бр.11-4615/1 | 06.05.2011 | Донесена е одлука за формирање на тим за преговори со Окта |
| Напишан е текст за објава на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта бр. 11-4616/1 | 06.05.2011 | Напишан е текст за објава на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта |
| Напишано е известување и е доставена копија од изговената Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта бр.11 -4755/1 | 11.05.2011 | Напишано е известување и е доставена копија од изговената Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта до надлежни институции. |
| Доставени се копии од објавата на барањето на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта бр.11-4616/2 | 16.05.2012 | Доставени се копии од објавата на барањето на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта во весникот Вечер и Коха од 11.05.2011 |
| Напишана е покана за првиот состанок за преговори до тимот за преговори бр.11-5151/2 | 25.05.2011 | Напишана е покана за првиот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на МЖСПП. |
| Напишана е покана за првиот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на Окта бр.11-5151/1 | 25.05.2011 | Напишана е покана за првиот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на Окта |

| | | |
|---|---|---|
| Доставено е овластување од страна на Окта за тимот за преговори бр.11-5314/1 | 01.06.2011 | Доставено е овластување од страна на Окта за тимот за преговори со МЖСПП. |
| Напишана е покана за вториот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на Окта бр.11-5544/1 | 09.06.2011 | Напишана е покана за вториот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на Окта |
| Напишана е покана за вториот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на МЖСПП бр.11-5544/1 | 09.06.2011 | Напишана е покана за вториот состанок за преговори до тимот за преговори од страна на МЖСПП |
| Текстот на Огласот за Јавна расправа за Окта бр.11-5544/3 | 09.06.2011 | Напишан е текстот на Огласот за Јавна расправа за Окта која ќе се одржи во с.Миладиновци |
| Известување за одржување на Јавна расправа до општина Илинден бр. 11-5544/1 | 09.06.2011 | Напишано е известување за одржување на јавна расправа до општина Илинден |
| Покана од страна на општина Илинден за учество на Јавна расправа за Окта бр.09-2110/5 | 17.06.2011 | Доставена е покана од страна на општина Илинден за учество на Јавна расправа за Окта |
| Записник од вториот состанок за преговори со Окта бр.11-5544/4 | 16.06.2011 | Напишан е записник од вториот состанок за преговори со Окта |
| Записник од Јавната расправа во врска со Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта бр.11-5545/2 | 19.08.2011 | Напишан е записник од Јавната расправа во врска со Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта која се одржа на 22.06.2011 год во 16,00 во ОУ Браќа Миладиновци с. Миладиновци |
| Покана за состанок со Окта бр.11-6217/1 | 19.06.2012 | Напишана е покана за состанок со ОКТА |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на Дозвола {Бр. }

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/10, 51/11,123/12 и 93/13), го овластува

**ОКТА Рафинерија на нафта („Оператор"),**

со регистрирано седиште на

| | |
|---|---|
| Адреса: | **ул. 1, бр. 25, н.м. Миладиновци** |
| Поштенски број Град: | **1000 Скопје** |
| Држава: | **Република Македонија** |
| Број на регистрација на компанијата | **4074009** |

да раководи со Инсталацијата

**ОКТА Рафинерија на нафта**
**с. Миладиновци**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

во рамките на Дозволата и условите во неа.

**М И Н И С Т Е Р**

**Abdilaqim Ademi**

Датум

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табелите 1.1.1 и 1.1.2.

| **Табела 1.1.1 Основни активности** | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола со временски Додаток за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| 1.2. Рафинерии за минерална нафта и гас. | Рафинација на нафта | 2.5 милиони тони сурова нафта годишно и капацитет на резервоари од 250 000 $m^3$. |
| 1.1. Согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 50 MW. | Парни котли | |

| **Табела 1.1.2 Придружни активности** | | |
|---|---|---|
| **Активност** | **Опис на активноста** | **Ограничувања на активноста** |
| Складирање и управување со суровини | Транспорт, складирање и управување со суровини | Од примање на суровините во инсталацијата до нивното користење во процесот. |
| ПСОВ | Третман на индустриска и санитарна вода | Од пречистителната станица до ефлуентот. |
| Складирање и управување со готови производи | Складирање и управување со готови производи (сите видови горива и масла) | Од производството на горива до нивното одведување од инсталацијата. |
| Клаусова постројка за производство на елементарен сулфур | Отстранување на $H_2S$ од рафинериски гасови и негово претворање во елементарен сулфур | |

1.1.2 Активностите овластени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Координати на локацијата |
| Мапа на ОКТА АД Скопје | E:554830 N: 650993 |




1.1.3 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат според условите во оваа Дозвола стануваат дел од Дозволата.

1.1.4 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина („Службен Весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13 ) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува

Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.1.1 : Управување и контрола | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје III | Барање и Прилог кон Барањето | 28.12.2006 |
| Поглавје III | Ревидирано барање и Прилог III | 11.03.2010 |
| Историјат на ОКТА Рафинерија | Ревидирано барање и Прилог III.1 | 11.03.2010 |
| Организациони шеми на ОКТА Рафинерија на нафта | Ревидирано барање и Прилог III.2 | 11.03.2010 |
| Опис на работни места во ОЦ Заштита | Ревидирано барање и Прилог III.3 | 11.03.2010 |
| Обука на вработени | Ревидирано барање и Прилог III.4 | 11.03.2010 |

2.1.2 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

2.1.3 Копија од Дозволата и оние делови од барањето кои се земени предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни до секој вработен чии должности се поврзани со некој од условите во оваа Дозвола.

2.1.4 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние условите од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.5 Операторот ќе ангажира соодветно квалификуван и искусен менаџер на инсталацијата кој ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или номинираното, соодветно квалификувано и искусно лице, во улога на заменик, треба да биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.6 Операторот, не подоцна од 12 (дванаесет) месеци од денот на добивање на оваа Дозвола ќе воведе и одржува ISO 14001, Систем за Управување со Животната Средина (СУЖС). Во СУЖС ќе бидат опфатени сите активности и ќе бидат разгледани сите практични решенија за употреба на почисти технологии, почисто производство и намалување и минимизација на отпадот. СУЖС како минимум ќе ги вклучи елементите наведени во условите од 2.1.7 до 2.1.16;

2.1.7 Распоред на целите и задачите за животната средина

2.1.7.1 Операторот ќе подготви Распоред на цели и задачи за животната средина. Во Распоредот треба да биде вклучена временската рамка за исполнување на поставените цели и треба да се однесува на период од

минимум пет години. Распоредот ќе се разгледува годишно а настанатите измените ќе се достават до Надлежниот орган како дел од ГИЖС (Годишен Извештај за Животна Средина).

Распоредот како минимум треба да го содржи следното:
- Подобрување на третманот на ефлуентот;
- Минимизирање на отпадот од операциите за одржување;
- Оценка на можноста за третман на милта на самата локација;
- Намалување на емисиите на $SO_2$ и $NO_2$;
- Намалување на отпадот и потрошувачката на енергија.

2.1.8 Програма за управување со животната средина (ПУЖС)

2.1.8.1 Не подоцна од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавањето на Дозволата, Операторот ќе му го достави на Надлежниот орган на согласност ПУЖС, вклучувајќи и временски Распоред за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.7. Штом се одобри, ПУЖС треба да се воведе и одржува од страна на Операторот и истиот треба да вклучи:
- Распределба на одговорностите за реализација на задачите;
- Средства со кои тие може да се остварат;
- Време во кое тие може да се достигнат.

2.1.8.2 ПУЖС ќе се разгледува годишно а соодветните измени ќе се доставуваат до Надлежниот орган на одобрување од негова страна како дел од Годишниот Извештај за животна средина (ГИЖС)

2.1.8.3 Операторот, како дел од ГИЖС, ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги и успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи треба да се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помалку од седум години и треба да се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.9 Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи (РЗПЗМ)

2.1.9.1 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе ја договори со Надлежниот орган листата на супстанции кои ќе бидат вклучени во РЗПЗМ како и методологијата користена при нивно определување. Оваа листа треба да биде дел од ГИЖС.

2.1.10 Документација

2.1.10.1 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина

2.1.11 Корективни мерки

2.1.11.1 Операторот ќе воспостави процедури според кои ќе се преземат корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите треба да се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.12 Подигање на свеста и обука

2.1.12.1 Операторот ќе воспостави и одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука на целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да ги чува записите од обуките.

2.1.13 Програма за комуникација

2.1.13.1 Во рок од 3 (три) месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот ќе воспостави програма со која ќе и обезбеди пристап на јавноста до информациите кои се однесуваат на состојбата со животната средина.

2.1.14 Програма за одржување

2.1.14.1 Сите постројки, опремата и техничките делови кои се во функција на инсталацијата треба да се одржуваат во добра работна состојба.

2.1.14.2 Сите садови и цевководи треба да се одржуваат соодветно на материјалите кои се пренесуваат низ или се складираат во нив.

2.1.14.3 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упатствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема. Како додаток кон програмата треба да се обезбеди и соодветно чување на записите и контролните тестирања.

2.1.14.4 Операторот треба јасно да ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.1.15 Контрола на ефикасноста на процесите

2.1.15.1 Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди соодветна контрола на процесот во разни модули на работење. Програмата треба да ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирањето на процесот, како и методите за идентификација, мерење и контролирање на овие параметри. Сите абнормални услови во кои се одвива процесот треба да се документираат и анализираат со цел да се идентификува било каква корективна активност.

2.1.16 Операторот, не подоцна од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола ќе изготви листа на еколошки аспекти како дел од СУЖС специфициран во 2.1.6, во кој ќе бидат вклучени сите операции кои може да имаат влијание врз животната средина. Листата ќе биде обновувана по потреба со цел да ја рефлектира секоја измена на процесите.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје IV | *Барање и Прилог кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје IV | Ревидирано барање и Прилог IV | 11.03.2010 |
| Суровина-Сурова | Ревидирано барање и Прилог IV.1 | 11.03.2010 |

| | | |
|---|---|---|
| нафта | | |
| Хемикалии | Ревидирано барање и Прилог IV.2 | 11.03.2010 |
| Суровина , гориво, помошни флуиди, енергија и хемикалии потрошени во 2009 и количества добиени нафтени деривати во 2009 | Ревидирано барање и Прилог IV.3 | 11.03.2010 |
| Основни податоци за суровини, меѓуфазни, готови производи и хемикалии | Ревидирано барање и Прилог IV.4 | 11.03.2010 |

2.2.2 Операторот на секои 12 (дванаесет) месеци ќе врши ревизија на количеството на употребена вода во инсталацијата со цел да ги идентификува начините за поефикасно користење на истата. Заклучоците од оваа ревизија ќе бидат вклучени во извештајот дефиниран во Додаток 2 (Распоред на целите и задачите за животната средина).

2.2.3 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни икуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, истите треба да се вклучат во Распоредот на целите и задачите за животната средина.

## 2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.3.1 : Техники на работа | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје II | *Барање и Прилог кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје VIII | *Барање и Прилог кон Барањето*<br>*Дополнување на барањето* | 28.12.2006<br>26.04.2007 |
| Поглавје II | Ревидирано барање и Прилог II | 11.03.2010 |

2.3.2 Операторот ќе обезбеди континуирано работење на Клаусовата постројка. Податоците за ефикасноста на Клаусовата постројка во вид на количество на произведен сулфур месечно ќе се доставуваат до Надлежниот орган на секои 3 (три) месеци. Во доставениот извештај, операторот треба да достави податоци и за содржината на сулфурот во горивото на кое се вршела десулфуриација во тој период (од три месеци) како и информација за количината и понатамошниот третман и/или употреба на произведениот сулфур.

## 2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е применo |
| Поглавје III | *Барање* | 28.12.2006 |
| Поглавје IV | *Барање и Прилог кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје VI.2 | *Барање и Прилог кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје III | Ревидирано барање и Прилог III | 11.03.2010 |
| Поглавје IV | Ревидирано барање и Прилог IV | 11.03.2010 |

2.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање, истекување и испарување. Материјалите треба да се јасно означени и соодветно одделени.

2.4.3 Транспортните возила и другите транспортни системи треба редовно да се чистат за да се спречи било какво истекување.

2.4.4 Операторот треба да има соодветен капацитет на опрема во складиштето и/или соодветни апсорпциски материјали кои ќе го задржат и апсорбираат било кое истекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби, апсорпцискиот материјал треба да се складира на соодветно место.

2.4.5 Товарењето и истоварањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа и соодветно заштитени од истурање, истекување и испарување.

2.4.6 Простор за складирање

2.4.6.1 Целиот простор за складирање во резервоари и буриња, како минимум, треба да има локална или оддалечена танк-вана чиј волумен не е помал од следните:

а. 110% од капацитетот на најголемиот сад или буре во рамките на оградената област; или

б. 25% од вкупниот волумен на супстанцијата која може да се складира во рамките на оградената област.

2.4.6.2 Целокупното истекување од локацијата на инсталацијата ќе се третира како опасен отпад се додека Операторот не покаже дека е поинаку. Целиот течен отпад од оградените области ќе се насочи за собирање и безбедно одлагање на депонија.

2.4.6.3 Сите влезни и излезни приклучоци, вентилациони цевки и приклучоци за мерење мора да бидат во рамките на танк-ваната.

2.4.6.4 Сите садови, контејнери и буриња треба да бидат јасно означени за да се индицира нивната содржина. Означувањето треба да биде со табли поставени пред секој резервоар, буре или група буриња со иста содржина.

2.4.6.5 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, на сите складишни садови, лагуни или други комори за третман во инсталацијата од кои може да се случи преливање на материјали во количества поголеми од локалните или оддалечените танк-вани, базени

или апсорбери, да бидат поставени аларми за високо ниво (или детектори за масло како што е соодветно).

2.4.6.6 Операторот треба да го испита системот за фаќање на истекувањата од фланшите и сите вентили од надземните цевки за транспорт на материјали, освен за вода. Ова ќе се вклучи во Распоредот на целите и задачите за животната средина како што е поставено во Услов 2.1.7.

2.4.6.7 Операторот, во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавањето на Дозволата, сите пиезометри чии локации се прикажани на мапата, од прилог IX од барањето за Дозвола, треба адекватно да ги заштити со цел да се спречи контаминација или физичко оштетување (ако е потребно).

2.4.6.8 , Операторот ќе врши испитување на сите постоечки резервоари заради утврдување на нивната непропустливост согласно распоредот за вршење на ремонтни активности на резервоарите.

2.4.6.9 Испитувањата од условот 2.4.10 ќе се вршат на секои 10 години а резултатите од истите, Операторот ќе ги доставува до Надлежниот орган.

2.4.6.10 Операторот ќе ги одржува фаќачите на мил и сепараторите за масло во инсталацијата со цел да обезбеди целокупниот испуст на атмосферска вода од инсталацијата да поминува низ фаќачи на мил и сепаратори за масло пред да се испушти.

2.4.6.11 Дренажните системи, танк-ваните, фаќачите на мил и сепараторите на масло ќе се прегледуваат неделно, ќе се чистат од мил како што треба и ќе се одржуваат во исправна состојба. Со талогот и отпадните течности од овие операции ќе се постапува на начин што нема да доведе до загадување на животната средина.

## 2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Ракување со суровини, меѓуфазни и готови производи, хемикалии и помошни флуиди | Ревидирано барање и Прилог V.1 | 11.03.2010 |
| Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата | Ревидирано барање и Прилог V.2 | 11.03.2010 |
| Отстранување на отпадот во границите на Инсталацијата ( сопствена депонија) | Ревидирано барање и Прилог V.3 | 11.03.2010 |

2.5.2 Не подоцна од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот ќе изготви Програма за управување со отпад (како дел од СУЖС). Во Програмата треба да бидат вклучени информации за условите на складирање,

транспортот и отстранувањето и доколку има, да достави копии од договорите за продавање и преземање на отпадот.

2.5.3 Планот на кој се прикажани местата за складирање на отпадот треба да се доставува до Надлежниот орган, еднаш годишно како дел од ГИЖС.

2.5.4 Отпадот треба јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување.

2.5.5 Доколку не е одобрено во пишана форма од страна на Надлежниот орган, на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.5.6 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно националните, европските или други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување, или да овозможи услови за неутрализација на истиот на лице место

2.5.7 Не подоцна од 01.04.2014, Операторот ќе изврши испитување на непропустливоста на сите отворени складишта (лагуни) за складирање на течен отпад (мил и отпадни води.)

2.5.8 Доколку резултатите од испитувањата наведени во условот 2.4.7 покажат дека постои истекување на отпадот, Операторот ќе преземе мерки за санација на лагуните и спречување на загадувањето.

2.5.9 Се задолжува операторот со милта од двослојниот таложник од пречистителната станица да постапи соодветно и тоа: празнење на базените, и превземање на истата од овластена лиценцирана фирма,или да овозможи услови за неутрализација на истиот на лице место, како и испитување на можноста за користење на милта како енергенс, (алтернативно гориво), претходно третирана при процес на сушење.

| Табела 2.5.2: Отпад складиран на самата локација | | |
|---|---|---|
| Опис на отпадот | Место на складирање на самата локација | Начин на складирање |
| Бигор | Т-193/1, 2, 3 | Отворени бетонски базени |
| Земја и камења што содржат опасни материи | Т-195/ 3 | Отворени бетонски базени |
| Седименти и честички кои биле во допир со нафтени деривати | Т-193/1, 2, 3 | Отворени бетонски базени |
| Стабилизиран неактивен мил | Т-195/1, 2 | Отворени бетонски базени |
| Мил од двослоен таложник | Т-195/1, 2 | Отворени бетонски базени |

## 2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и отстранува отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје V.3 | *Барање и Прилози кон барањето* | 28.12.2006 |
| Ракување со суровини, меѓуфазни и готови производи, хемикалии и помошни флуиди | Ревидирано барање и Прилог V.1 | 11.03.2010 |
| Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата | Ревидирано барање и Прилог V.2 | 11.03.2010 |
| Отстранување на отпадот во границите на Инсталацијата ( сопствена депонија) | Ревидирано барање и Прилог V.3 | 11.03.2010 |

2.6.2 Отстранувањето или рециклирањето на отпадот на самата локација ќе се одвива само во согласност со условите од оваа Дозвола и во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.3 Отпадот кој ќе се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.4 Отпадоците создадени на инсталацијата, како минимум, ќе бидат земени и анализирани таму каде што е тоа можно. Дополнителни примероци ќе бидат земени и тестирани во случај на:

- Промена на дестинацијата на отстранување или рециклирање на отпадот;
- Сомнеж дека составот на отпадот е променет така што избраната маршута на отпадот не е повеќе соодветна.

Копиии од овие анализи ќе бидат испратени до Надлежниот орган. Методите на анализите ќе бидат пријавени на Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од датумот на издавањето на оваа Дозвола или при секое менување на методите.

## 2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот треба да има План за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно.

2.7.2 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола Операторот ќе изврши ревизија на енергетската ефикасност на инсталацијата. Ревизијата ќе се изврши во временски интервали како што е наложено од страна

на Надлежниот орган. Операторот треба да го земе предвид секое упатство за енергетска ефикасност издадено од страна на МЕ

2.7.3 Ревизијата ќе ги идентификува сите можности за зголемување на енергетската ефикасност а препораките од ревизијата ќе бидат вклучени во Распоредот на цели и задачи за животната средина, специфициран во условот 2.1.7 даден погоре.

## 2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје XII | *Барање и Прилози кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје XII | Ревидирано барање и Прилог XII | 11.03.2010 |

2.8.2 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе изготви документ во кој ќе биде содржана неговата политика за спречување на хаварии и ќе обезбеди истата соодветно да се применува. Политиката за спречување на хаварии ќе биде така дизајнирана да гарантира високо ниво на заштита на луѓето и животната средина со помош на соодветни средства, структури и системи на управување.

2.8.3 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе изготви Процедура за постапување во итни случаи во која јасно ќе бидат дефинирани одговорностите и надлежностите на сите лица вклучени во ваквите случаи. Во Процедурата за однесување во итни случаи ќе биде вклучена одредба за минимизирање на ефектите од овие случаи врз животната средина. Оваа процедура ќе се ревидира годишно и ќе се надградува по потреба.

2.8.4 Врз основа на Процедурата за однесување во итни случаи, Операторот треба да изготви План за постапување во итни случаи во кој точно ќе бидат дефинирани сите инциденти кои може да се случат на постројката, влијанието на инцидентот врз здравјето на луѓето и животната средина како и начинот на постапување во при секој одделен инцидент. Операторот ќе ги има предвид сите упатства за управување со ризик подготвени од страна на Надлежниот орган. Во планот да се опфати и следното:

2.8.4.1 Операторот ќе изврши проценка на ризикот со цел да определи дали инсталацијата има потреба од постројка за задржување на водата користена против пожари. Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола, Операторот ќе ги поднесе до Надлежниот орган проценката и извештајот со наодите и препораките.

2.8.4.2Во случај да постои значителен ризик од испуштање на контаминирана противпожарна вода, Операторот треба, врз основа на наодите од проценката на ризикот да подготви и спроведе, во согласност со Надлежниот орган, соодветна Програма за управување со ризици. Програмата за управување со ризици комплетно ќе се спроведе во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на известувањето од страна на Надлежниот орган.

2.8.4.3 Во случај на пожар или излевање на водата за гасење на пожари, излеаната вода треба да биде задржана. Операторот треба ја испита можноста за автоматско пренасочување на водата за гасење на пожари во зафатни базени и ова треба да биде дел од Планот за постапување во итни случаи од условот 2.8.6.

2.8.5 Во случај на индустриска несреќа, Операторот треба веднаш да:

- го изолира изворот на било каква емисија;
- спроведе неодложна истрага за да ги идентификува природата, изворот и причината на било каква емисија која произлегува од тоа;
- го процени загадувањето на околината, доколку има, предизвикано од инцидентот;
- ги идентификува и спроведе мерките за минимизирање на емисиите/ нефункционирањето и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти.

2.8.6 Операторот ќе достави предлог до Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од несреќата или како што е одобрено од страна на Надлежниот орган да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата; и
- Идентификува и постави други погодни активности за ремедијација.

## 2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје VI. | *Барање и Прилози кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје VI. | Ревидирано барање и Прилог VI | 11.03.2010 |

2.9.2 Операторот ќе изготви Програма за мерење на бучавата како дел од СУЖС, од локацијата која ќе биде доставена на одобрување до Надлежниот орган. Програмата за мерењата ќе се изврши во согласност со методологијата специфицирана во било кое упатство издадено од страна на Надлежниот орган за изворите наведени во барањето за добивање Дозвола а особено за импулсивната бучава.

2.9.3 Програмата ќе биде доставена до Надлежниот орган во пишана форма најмалку 1 (еден) месец пред да се извршат мерењата.

2.9.4 Резултатите од мерењата ќе бидат ставени на располагање за инспекција на лицата овластени од страна на Надлежниот орган во било кое разумно време а краток извештај од овие записи ќе се вклучи во ГИЖС.

2.9.5 Операторот ќе изготви Програма за намалување на бучавата а особено на импулсивната бучава. Во Програмата треба да се потенцираат специфичните цели и временската рамка за нивно изготвување, како и опциите за модификација, надградба или замена. Операторот треба да ја поднесе програмата до Надлежниот орган во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола.

Извештајот за спроведување на програмата треба да се поднесе до Надлежниот орган во рок од 9 (девет) месеци.

## 2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.10.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје IX | *Барање и Прилог кон Барањето* | 28.12.2006 |
| Поглавје IX | Ревидирано барање и Прилог IX | 11.03.2010 |

2.10.2 Методите кои ќе се користат за мониторинг на емисиите во воздухот ќе бидат одобрени од страна на Надлежниот Орган.

2.10.3 Операторот, во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, ќе го овозможи следното:
а) безбеден и постојан пристап за земање примероци/мониторинг на емисионите точки специфицирани во Табелите 6.1.1, 6.1.2, 6.1.3, 6.1.4, 6.1.5, 6.1.6, 6.3.2(а) и 6.3.2(б)
б) безбеден пристап до други точки за земање примероци/мониторинг кои ќе бидат определени од страна на Надлежниот орган.

2.10.4 Во рок од 12 месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе постави автоматски континуиран мониторинг на емисионите точки VI.1.1 C.

2.10.5 Сите автоматски монитори и узоркувачи треба цело време да се во функција (освен во текот на одржување и калибрирање) додека се извршува активноста, освен доколку е поинаку договорено со Надлежниот орган во пишана форма за определен временски период. Во случај на нефункционирање на некој континуиран монитор, Операторот ќе обезбеди мониторинг еднаш неделно контактира со Надлежниот орган што е можно побрзо со цел да се постави алтернативен начин за земање примерок и мониторинг. За употреба на алтернативна опрема кога не станува збор за итни ситуации, треба да се добие одобрение од Надлежниот орган.

2.10.6 Со опремата за мониторинг и анализа треба да се ракува и истата да се одржува така што мониторингот да даде точни резултати за емисиите или испуштањата.

2.10.7 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршеното тестирање.

2.10.8 Операторот ќе обезбеди опремата за земање примероци од подземни води да биде инсталирана на локацијата и спремна за употреба во секое време. Спецификациите за опремата за земање примероци ќе ја одреди Надлежниот орган.

2.10.9 Операторот ќе врши анализа на подземните води на секои 6 (шест) месеци и резултатите од истите ќе ги доставува до Надлежниот орган како дел од ГИЖС.

2.10.10 Земањето примероци и анализата на сите загадувачи како и референтните методи за калибрирање на автоматизираните мерни системи ќе се вршат во согласност со CEN стандардите. Доколку овие стандарди не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди кои ќе обезбедат собирање на податоци од еквивалентен научен квалитет.

2.10.11 На оние места каде можноста за мерење на параметарот е под влијание на мешање пред емисија, тогаш во согласност со Надлежниот орган, параметарот може да се оцени пред да се случи мешањето.

2.10.12 Во случај на комбинирано земање на примероци отпадна вода од операции во инсталацијата, посебен комбиниран примерок или хомогенизиран под-примерок (од доволен волумен, како што е препорачано) треба да се стави во фрижидер веднаш по земањето и да се чува за проверка и користење од страна на Надлежниот орган.

## 2.11 Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

| Табела 2.11.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Поглавје XII | *Дополнување на Барањето* | 26.04.2007 |
| Поглавје XIII | Ревидирано барање и Прилог XIII | 11.03.2010 |

2.11.2 После конечен или планиран прекин за период подолг од 6 (шест) месеци, на работата на целата или на дел од локацијата каде што се изведува активноста, Операторот во договор со Надлежниот орган, ќе ја предаде локацијата безбедно, односно доколку е потребно ќе ја отстрани целата почва или дел од неа, објектите или опремата или секој отпад, материјали и други супстанции кои може да предизвикаат загадување на животната средина.

2.11.3 План за престанок со работа и управување со остатоци:

2.11.3.1 Операторот ќе изготви детален план со финансиски показатели за престанок со работа или затворање на целата или на дел од локацијата. Овој План ќе се поднесе до Надлежниот орган во рок од 24 (дваесет и четири) месеци од денот на издавање на оваа Дозвола.

2.11.3.2 Планот ќе се ревидира годишно и предложените измени ќе се достават до Надлежниот орган како дел од ГИЖС.

2.11.4 Планот за управување со остатоци како минимум треба да го вклучи следното:

- Изјава за обемот на планот;
- Критериумите кои го дефинираат успешниот престанок на активностите или на некој дел од нив и кои обезбедуваат минимум влијание врз животната средина;
- Програма за постигнување на утврдените критериуми;

- Доколку е возможно, планот треба да вклучи тест програма со која ќе се покаже успешното спроведување на истиот;
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.11.5 Во рок од 3 (три) месеци од извршување на планот, Операторот треба да поднесе до Надлежниот орган финален извештај во кој ќе бидат опфатени сите потребни тестови и анализи, онака како што бара Надлежниот орган, со цел да покаже дека не постои понатамошен ризик по животната средина.

2.11.6 Како дел од ГИЖС, Операторот треба да обезбеди годишен извештај за преземените или предвидените мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите.

2.11.7 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност (ПРЕО) што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на ПУРЗ.

2.11.8 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола операторот ќе достави извештај за оваа проценка до Надлежниот орган. ПРЕО ќе се ревидира соодветно на потребите, за да се опфатат сите евентуални значајни промени на локацијата, но најмалку секои 3 (три) години по издавањето на оваа Дозвола. Резултатите од ревидирањето ќе бидат опфатени со ГИЖС.

2.11.9 Како дел од мерките наведени во условот 2.11.5, Операторот треба да обезбеди финансиски средства кои ќе ги покријат обврските од условот 2.11.6. Финансиската надокнада ќе се разгледува и ревидира според потребите, но најмалку еднаш годишно. Доказ за промени или ревидирање на финансиската надокнада треба да се вклучи во годишниот извештај наведен во условот 2.11.5.

### 2.12 **Инсталации со повеќе Оператори**

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден Оператор.

## 3. Документација

3.1.1 Документацијата („Специфицирана Документација") ќе содржи податоци за:

а секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

а спецификацијата документација;

б било кои други документи изготвени од страна на Операторот а поврзани со работата на инсталацијата за која се издава Дозволата („Други документи").

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.3.1 Специфицираните и другите документи треба да:
- а бидат читливи;
- б бидат изготвени што е можно побрзо;
- в ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.4 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.5 Операторот на инсталацијата за којашто се издава оваа Дозвола ќе изготви записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа, резултати од истата како и корективните и превентивни мерки преземени за истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за:
- Составот на отпадот, или онаму каде што не е можно, опис;
- Најдобра проценка на создадената количина отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за отстранување;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Тонажа и МКО код за увезените отпадни материјали и/или испратени надвор од локацијата за отстранување/ рециклирање;
- Имињата на пренесувачите на отпадот и нивните детали од Дозволата за собирање на отпад, ако е потребно ( вклучувајќи го Надлежниот орган кој ја издал и регистарскиот број на возилото);
- Детали за крајната дестинација на отстранување/рециклирање на отпадот и нејзината погодност да ја прифати пратката отпад, да ја вклучи својата Дозвола/детали од Дозволата и органот кој ја издал, ако е потребно;
- Писмена потврда за прифаќањето и отстранувањето/преработката на опасен отпад испратен надвор од локацијата;
- Детали од сите отпади кои се испратени во странство за преработка и класифицирани како Зелени во согласност со ЕУ регулативите за прекуграничен транспорт на отпад (регулатива на Советот ЕЕС 259/1993, соодветно дополнета). Образложението за класификацијата ќе биде дел од документацијата;
- Детали за сите одбиени пратки;
- Детали за секое одобрено мешање на отпад;
- Тонажите и МКО кодот за отпадните материјали кои се рециклирани/одложени на локацијата;
- Резултатите за сите анализи побарани со оваа Дозвола.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Извештаите ќе се поднесуваат како што е резимирано во Додаток 2 или на друг начин детално објаснето во Дозволата.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

4.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган, до 31- ви Март секоја година, ГИЖС кој ја покрива претходната календарска година. Овој извештај, треба да вклучи како минимум, информации специфицирани во следната Табела. Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со релевантни инструкции издадени од страна на Надлежниот Орган.

4.1.5 Операторот ќе подготви и одржува РИПЗМ за локацијата. Супстанците кои треба да се вклучат во РИПЗМ треба да бидат одобрени од страна на Надлежниот орган секоја година според референтната листа која што е специфицирана во Упатството за ГИЖС од страна на Надлежниот орган. РИПЗМ треба да се подготви во согласност со релевантни инструкции издадени од страна на Надлежниот Орган и треба да се поднесе како дел од ГИЖС.

4.1.6 Годишниот извештај за животна средина ќе го содржи следното

| Содржина на Годишен извештај за животна средина |
|---|
| Емисии од инсталацијата. (поднесување на РЗПЗМ + согласност со ГВЕ);<br>Евиденција за управување со отпад;<br>Преглед за потрошувачка на суровини;<br>Преглед на забелешки (жалби/поплаки);<br>Распоред на цели и задачи за животната околина;<br>Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година;<br>Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година;<br>Регистар на загадувачи и пренос на загадувачки материи - извештај од претходната година;<br>Регистар на загадувачи и пренос на загадувачки материи - предлог за тековната година;<br>Преглед на извештајот за мониторинг на бучава;<br>Преглед на извештајот за мониторинг на амбиентен воздух;<br>Извештај за тестирање и инспекција на резервоари и цевководите;<br>Преглед на пријавени инциденти;<br>Преглед на извештај од ревизија на ефикасноста на енергијата;<br>Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и намалување на создадениот отпад;<br>Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на индустриска вода;<br>Извештаи за финансиски мерки кои се направени под оваа Дозвола, управување и структура на персоналот на инсталацијата и програма за јавно информирање;<br>Преглед на планот за управување со остатоци/затворање, обновување и план за управувањето со локацијата по нејзиното затворање;<br>Изјава за мерките во врска со спречувањето на штетата врз животната средина и мерки за ремедијација (одговорност за штетена врз животната средина);<br>Преглед за утврдување на ризикот и одговорноста кон животната средина (секои три години или почесто како што е наложено од страна на релевантните промени на локацијата вклучувајќи и финансиски мерки); и<br>Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган. |

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување за следното:

а когa ќе забележи емисија на некоја супстанција која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б когa ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в когa ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или дел од постројката, што предизвикал или има потенцијал да предизвика загадување; и

г било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Додатокот 1 од оваа Дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Додатокот 1 од оваа Дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Додаток, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде што е можно побрзо известување во пишана форма, за секое од следниве:

а траен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава Дозволата;

б престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

в повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде известување во пишана форма во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а било каква промена на трговското име на Операторот, регистарското име или адресата на регистрираната канцеларија;

б промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога Операторот станува дел од неа);

в за активности кога Операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

5.1.5 Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата читлива за лицата кои се надвор од главниот влез на инсталацијата. Минималните димензии на таблата треба да бидат 1200 мм на 750 мм.

На таблата треба јасно да биде прикажано:

- Името и телефонскиот број на инсталацијата;
- Нормалното работно време;
- Името на имателот на Дозволата;
- Телефонскиот број за контакт во итни случаи вон работното време;
- Референтен број на Дозволата; и
- Каде може да се добијат информации за животната средина во врска со оваа инсталација.

5.1.6 Во случај на несреќа Операторот треба веднаш да го извести Надлежниот и другите релевантни органи.

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точките на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од изворите наведени во таа Табела (определени во Поглавјето VI од Барањето за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план).

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија/опис | Извор | Локација на точката на емисија |
| VI.1.1.C | Парен котел 56 MW | Оџак од Енергетика<br>НКС: 554 974.00 исток<br>651 710.50 север |
| VI.1.1.A | Процесни печки | Оџак од процесни постројки<br>НКС: 554 941.00 исток<br>651 479.90 север |
| VI.1.1.B | Печка за хидродесулфуризација | Оџак на постројка за хидродесурфуризација на дизели |

6.1.2 Граничните вредности на емисиите во воздух за параметрите за точките на емисија наведени во Табелите од 6.1.2 до 6.1.6 нема да бидат пречекорени.

| Табела 6.1.2: Гранични вредности на емисии во воздух | | | |
|---|---|---|---|
| Параметри | Ознака на точка на емисија: VI.1.1.A (оџак од процесни постројки) | | Фреквенција на мониторинг |
| Проток 450000 Nm³/h | | | |
| | Од (датум) | Концентрација (mg/Nm³) | |
| Сулфурни оксиди (како $SO_2$) | Даум на издавање на дозволата | 1700 | Автоматски континуиран |
| Азотни оксиди (како $NO_2$) | | 450 | Автоматски континуиран |
| CO | | 170 | Автоматски континуиран |
| Прав | | 100 | Автоматски континуиран |

- Минимална висина на оџакот: 150 m над земја

| Табела 6.1.3: Гранични вредности на емисии во воздух | | |
|---|---|---|
| Параметри | Референтна точка на емисија VI.1.1.B (оџак од постројка за хидродесулфуризација) | Фрекфенција на мониторинг |
| | Концентрација ($mg/Nm^3$) | |
| Сулфурни оксиди (како $SO_2$) | 35 | Еднаш месечно |
| Азотни оксиди (како $NO_2$) | 300 | Еднаш месечно |

- Минимална висина на оџакот: 75 m над земја

| Табела 6.1.4: Гранични вредности на емисии во воздух | | | |
|---|---|---|---|
| Параметри | Ознака на точка на емисија: VI.1.1.C (оџак од Енергетика-стари котли ) | | Фреквенција на мониторинг |
| Проток 145000 $Nm^3/h$ | | | |
| | Од (датум) | Концентрација ($mg/Nm^3$) | |
| Сулфурни оксиди (како $SO_2$) | Даум на издавање на дозволата | 1700 | Автоматски континуиран |
| Азотни оксиди (како $NO_2$) | | 450 | Автоматски континуиран |
| CO | | 170 | Автоматски континуиран |
| Прав | | 100 | Автоматски континуиран |

-Минимална висина на оџакот: 80 m над земја.

6.1.5 Сите емисии од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.6 Клаусовата постројка не треба да биде надвор од работа повеќе од 120 часа непрекинато во текот на една календарска година.

6.1.7 Прекинот на работа на Клаусовата постројка повеќе од 24 часа непрекинато, Операторот е должен да го пријави во рок од 48 часа на Надлежниот орган.

6.1.8 Сите емисии во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.9 Емисиите кои се предизвикани поради повторно стартување од ладно, не треба да траат подолго од 20 минути во било кој период од 8 часа и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

6.1.10 Фреквенцијата на мониторингот дадена во Таблетата 6.1.3 ќе се врши во период од шест месеци од датумот на издавање на дозволата. Доколку во овој период се утврди дека Операторот не ги надминува граничните вредности, фреквенцијата на оваа емисиона точка по овој временски период ќе се врши еднаш годишно.

6.1.11 Граничните вредности на емисиите во воздух дадени во оваа Дозвола треба да се интерпретираат на следниот начин:

6.1.11.1 Вредностите на интервалите на сигурност од 95 % на еден измерен резултат не смеат да ги надминат следниве проценти на гранични вредности на емисија:

- Сулфур диоксид 20 %
- Азотни оксиди 20 %
- Прашина 30 %

6.1.11.2 Потврдените едночасовни и дневни просечни вредности се утврдуваат од измерените потврдени едночасовни просечни вредности откако ќе се одземе вредноста на интервалот на сигурност наведен во 6.1.10.1. Се поништува секој ден во кој повеќе од три едночасовни просечни вредности се невалидни поради дефект или одржување на системот за непрекинато мерење. Доколку повеќе од десет дена во текот на годината се поништени поради такви ситуации, надлежниот орган бара од субјектот да преземе соодветни мерки за да ја подобри сигурноста на системот за непрекинато следење.

6.1.11.3 Континуиран мониторинг (автоматски систем на мерење):

- Ниту една потврдена дневна просечна вредност ќе ја надмине граничната вредсност.
- Ниту една потврдена едночасовна просечна вредност двојно ќе ја надмине граничната вредност.

6.1.11.4 Периодичен мониторинг:

- За секој параметар каде, поради ограничувања кои се должат на узоркувањето, 30 минутен примерок е непогоден, теба да се употреби погоден период за узоркувањеа вредноста добиена при тоа не смее да ја надмине граничната вредност
- За протокот, ниту едночасовна или дневна средна вредност, пресметана врз основа на отчитувања на одредени места, не смее да ја надмине релевантната гранична вредност.
- За сите други параметри, ниту една 30 минутна средна вредност ќе ја надмине граничната вредност на емисија.

6.1.12 Границите на концентрацијата и волуменот на протокот за емисии во атмосферата специфицирани во оваа Дозвола треба да се постигнат без воведување на воздух за разредување и треба да се базираат на волумен на гасот под стандардни услови, и тоа:

6.1.12. 1 Во случај на гасови што не потекнуваат од согорување:

- Температура од 273 K и Притисок од 101.3 kPa (без корекција на содржина на кислород или вода).

6.1.12.2 Во случај на гасови од согорување:

- Температура од 273 K, Притисок од 101.3 kPa, сув гас; 3% кислород за течни и гасни горива; 6% кислород за цврсти горива.

6.1.13. Емисионите гранични вредности на емисиите во вода во оваа Дозвола ќе се толкуваат на следниот начин:

а) Континуиран мониторинг:

- Вредноста на протокот не смее да ја надмине дадената граница;
- Вредноста за pH не смее да отстапува од специфицираниот опсег;
- Вредноста на температурата не смее да ја надмине граничната вредност.

б) Комбинирано (композитно) земање примероци:

- Вредноста за pH не смее да отстапува од специфицираниот опсег;
- Вредноста на температурата не смее да ја надмине граничната вредност
- За параметри различни од pH, темература и проток, осум од десет последователни резултати, пресметани како средна дневна концентрација или масени емисиони вредности врз основа на композитно земање на примерок пропорционално на протокот, нема да ја надминат граничната вредност на емисија. Ниту еден поединечен резултат пресметан на сличен начин не смее да надмине 1.2 пати од граничната вредност на емисија.

в) Земање примероци со зафат:

- За параметрите освен pH, темература и проток, ниту еден примерок земен со зафаќање не смее да надмине 1.2 пати од граничната вредност на емисија.

6.1.14 Емисии од факел

6.1.14.1 Емисиите од факелот ќе бидат минимизирани колку што е можно повеќе. Извештај за работата на факелот ќе биде доставуван квартално до Надлежниот орган.

6.1.15 Операторот ќе воспостави Програма за откривање, контрола, спречување и намалување на фугитивните емисии.

6.1.15.1 Програмата ќе вклучува:

- Инвентар за фугитивни емисии од рафинеријата согласно методологијата за инвентаризација на емисии Коринер;
- Типови на мерења (поставување на граници на откривање);
- Фрекфенција на мерења;
- Типови на компоненти кои треба да се проверуваат: резервоари, пумпи, контролни вентили, изменувачи на топлина, конектори, фланши итн.

6.1.16 Моделирање на дисперзија во воздухот

6.1.16.1 Операторот ќе обезбеди модел на дисперзија во воздухот за параметрите $NO_2$ и $SO_2$ од сите главни емисиони точки. Дисперзиониот модел ќе се поднесе до Надлежниот орган не подоцна од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на дозволата.

6.1.16.2 Операторот ќе употреби математички модел за дисперзионо загадување кој го користи долунаведениот сет на влезни параметри:

а Технички информации и информации за испусти на:

- Локација (координати, ГИС-МапИнфо);
- Висина на испустот;
- Внатрешен дијаметар на испустот;
- Околни објекти итн.

б Емисии

- Густина на емисии (g/s) и нивна временска часовна променливост;
- Хемиски соединенија ($NO_2$, $SO_2$);
- Големина на дисперзирани честички;
- Годишни временски серии Yearly time series;

в Работни часови на инсталацијата (running hours-monthly,…);

г Тригодишни серии на следниве метеоролошки податоци:

| | |
|---|---|
| T2M | Temperature in ºC |
| HUM | Relative humidity in % |
| CLOU | Total cloudiness, code 0,…,9 (octas) |
| TDEW | Dew-point temperature in ºC |
| TWET | Wet-bulb temperature in ºC |
| VISI | Visibility in meters |
| PRES | Sea level pressure in hPa |
| WWCODE | Present weather, code in SYNOP message 0,…,99 |
| W1CODE | Past weather, code in SYNOP message 0,…,9 |
| W2CODE | Past weather 2, code in SYNOP message 0,…,9 |
| NH | Amount of lowest clouds, code 0,…,9 (octas) |
| CL | Type of middle clouds, code 0,…,10 |
| HH | Height of the lowest clouds in meters |
| CM | Type of middle clouds, code 0,…,10 |
| CH | Type of high clouds, code 0,…,10 |
| WIDD | Wind direction in degrees (meteorological) |
| WIMS | Wind speed in m/s |
| GROUND | State of ground, code 0,…,9 |
| PREC | Precipitation in mm/period, period may be 12 hours |

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола не смее да има емисии во почвата.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисиите во вода од точките на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од изворите наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија.** | **Извор** | **Количество** |
| N - 17 | Пречистителна станица за отпадни води ( Пречистена отпадна вода од механичко, хемиско и биолошко прочистување на отпадна вода ) | 3240 $m^3$/ден (просечно) |
| N - 18 | Сепаратор за атмосферски води (Пречистена вода од сепаратор за маслени материи) | 460 $m^3$/ ден (просечно) |

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметрите и точките на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и со фрекфенции наведени во таа Табела.

Гранични вредности на емисија за периодот од денот на издавање на оваа Дозвола се дадени во Табелата 6.3.2(а):
Согласно правилникот за условите, начинот и граничнитр вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони бр.81 од 15.06.2011 година.

| **Табела 6.3.2(а): Гранични вредности на емисија во вода** | | | |
|---|---|---|---|
| **Точка на емисија N-17** | | | |
| **Параметер** | **ГВЕ (mg/l)** | **Фрекфенција на мониторинг** | **Метод на анализа/техника** |
| Проток | * | континуирано | Мерач на проток |
| EC µS/sm | * | месечно | Стандардна метода |
| ХПК$_{Цр}$ | 125 | дневно | Стандардна метода (МКС ISO 6060 МКС ISO 15705) |
| БПК$_5$ | 25 | месечно | Стандардна метода (МКС EN 1899-1) |
| Суспендирани честички | 35 | дневно | Гравиметрија - (МКС ISO 11923) |
| Минерални масла | 10 | месечно | Стандардна метода (МКС EN ISO 9377-2) |
| Вкупен органски јаглерод | 30 | месечно | Стандардна метода (МКС EN 1484) |
| Феноли | 0,1 | месечно | Стандардна метода (МКС ISO 6439) |
| Хлориди $CL^-$ | * | месечно | Стандардна метода (МКС ISO 9297 МКС EN ISO 10304-1) |
| Сулфиди $S^{-2}$ | < 1 | месечно | Стандардна метода (МКС ISO 10530 МКС ISO 13358) |
| Фосфати $PO_4^{-3}$ | * | месечно | Стандардна метода |
| Вкупно тешки метали | < 1 | месечно | Атомска апсорпција/ СИСП |
| pH | 6,5 – 9,0 | месечно | МКС ISO 10523 |

*параметри кои ќе бидат само мониторирани (следени)

| **Табела 6.3.2(б) Гранични вредности на емисија во вода** | | | |
|---|---|---|---|
| **Точка на емисија N-18** | | | |
| **Параметар** | **ГВЕ (mg/l)** | **Фрекфенција на мониторинг** | **Метод на анализа/техника** |
| Минерални масла | 10 | месечно | (МКС EN ISO 9377-2) |
| ХПК$_{Цр}$ | 125 | месечно | (МКС ISO 6060 МКС ISO 15705) |
| БПК$_5$ | 25 | месечно | (МКС EN 1899-1) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| pH | 6,5-9 | месечно | МКС ISO 10523 |

6.3.4 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата, на било која супстанција за која нема дадено граници во Табелите 6.3.2 (а) и (б), освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.5 Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг над точката на испустот во реципиентот на секои 6 месеци за параметрите наведени во Табелите 6.3.2 (а) и (б). Локацијата за точката на мониторинг ќе биде усогласена со Надлежниот орган.

6.3.6 Температурата мерена под термалниот испуст (на крајот на зоната на мешање) не смее да биде поголема од 1,5° C од температурата на водата над вливот на термалниот испуст.

6.3.7 Операторот ќе разгледа повеќе опции за подобрување на третманот на отпадните води на локацијата. Особено внимание ќе посвети на подготовка на програма за намалување на емисиите на јаглеводороди која ќе биде вклучена во ГИЖС.

6.3.8 Во реципиентот нема да биде испуштена ниту една супстанција на начин или во концентрација која по иницијално разредување ќе предизвика изумирање на живиот свет.

6.3.9 Операторот ќе врши визуелна инспекција на местото на испуштање на водата за гасење пожари. За ваквите инспекции Операторот ќе води дневник.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1. Инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема емисии во канализација

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1. Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на топлина кои значително ќе влијаат врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава (дадени на мапата во Прилог IX од барањето за Дозвола, означени како мерни места од 3-6):

| Гранични вредности на емисии на бучава | | | |
|---|---|---|---|
| **Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава** | **Ниво на бучава во dBA Lд** | **Ниво на бучава во dBA Lв** | **Ниво на бучава во dBA Lн** |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

6.6.2. Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

## 6.7 Емисии на отпад

6.7.1 Операторот ќе врши анализа на отпадот од биолошкиот третман дефиниран како: мил од биолошки третман од индустриска отпадна вода *(19.08.12 MWC)* специфициран во Додаток 3 и ќе известува за резултатите како дел од ГИЖС.

6.7.2 Отстранувањето, транспортот или повторното искористување на отпадот ќе се врши на начин опишан во Додаток 3. Ниту еден друг отпад освен опишаниот во Додаток 3 нема да биде отстрануван или повторно искористуван без претходно одобрение дадено во пишана форма од страна на Надлежниот орган.

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1.1 Операторот постојано ќе ја одржува и користи Пречистителната станица за отпадни води на локацијата на инсталацијата со цел пречистување на индустриските и санитарните отпадни води од инсталацијата. Сите простории за аерација/ перколација мора да ги задоволат критериумите дадени во упатствата за Пречистителни станици издадени од Надлежниот орган.

# 8 Услови надвор од локацијата

8.1 Во случај на измерени 500 μg/m$^3$ во текот на три последователни часови на локации репрезент на квалитетот на амбиентниот воздух на најмалку 100 km$^2$ или цела зона или агломерација во зависност која од нив е помала, Операторот треба да преземе корективни мерки за нормализирање на состојбата и веднаш да го извести Надлежниот орган.

8.2 Во рок од еден месец од датумот на издавање на дозволата, Операторот ќе врши индикативни мерења на концентрациите на VOC и $H_2S$ во амбиентниот воздух на мерни места претходно договорени со Надлежниот орган во период од една година со фреквенција од еднаш месечно. Извештајот од мерењата ќе се доставува до Надлежниот орган месечно. Операторот во согласност со Надлежниот орган ќе ја определи потребата за овие мерења по доставување на извештајот кој ќе биде дел од ГИЖС.

## 9 Оперативен план

9.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати известување во пишана форма до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Услов | Мерка | Датум на завршување на активноста |
|---|---|---|
| 2.1.6 | Операторот ќе воспостави ISO 14001 Систем за управување со животната средина (СУЖС).<br><br>Вредност на инвестицијата: 10.000 € | 01.04.2014 |
| 2.4.6.8 | Операторот ќеизврши испитување на сите постоечки резервоари заради утврдување на нивната непропустливост а резултатите од истите ќе ги достави до МЖСПП.<br><br>Вредност на инвестицијата 50.000 € | 01.04.2012 |
| 2.5.7 | Операторот ќе изврши испитување на непропустливоста на сите отворени сладишта (лагуни) за складирање на течен отпад (мил и отпадни води.)<br><br>Вредност на инвестицијата? 10.000 € | 01.04.2014 |
| 2.5.9 | Операторот ќе изврши хемиска анализа на милта која се создава во текот на различни фази од производствениот процес и ќе преземе мерки за постапување со истата на начин што нема негативно да влијае на здравјето на луѓето и животната средина.<br><br>Вредност на инвестицијата 500 € | 01.04.2014 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.10.4 | Операторот ќе постави автоматски континуиран мониторинг за параметрите $SO_2$, $NO_x$ и прав и на емисионите точки VI.1.1.E, VI.1.1.C и VI.1.1.D.<br><br>Вредност на инвестицијата: 100.000 € | 01.04.2014 |
| | | |
| 6.1.16.1 | Операторот ќе изготви модел на дисперзија за $SO_2$ и $NO_2$ емисиите од сите главни емисиони точки. Извештај со оценка за влијанието од емисиите и заклучоци од истиот ќе биде доставен на Надлежниот орган.<br><br>Вредност на инвестицијата: 2.000 € | 01.04.2014 |

| **Инвестирање по години** | | |
|---|---|---|
| Активност бр. | Вредност на инвестиција | Временски рок |
| 2.1.6 | 10.000 € | 01.04.2014 |
| 2.4.6.8 | 50.000 € | 01.04.2012 |
| 2.5.7 | 10.000 € | 01.04.2012 |
| 2.5.9 | 500 € | 01.04.2014 |
| 2.10.4 | 100.000 € | 01.04.2014 |
| 6.1.16.1 | 2.000 € | 01.04.2014 |

## 9.2 Финансиски пенали

9.2.1 Операторот е должен да го извести Надлежниот орган за завршување на секоја активност од Оперативниот план најдоцна во рок од 10 дена од датумот на завршување на активноста.

9.2.2 За секоја нереализирана активност од Оперативниот план согласно договорената временска рамка Операторот е должен е да плати финансиски пенали во висина од 50% од висината на трошоците за реализација на соодветната активност од Оперативниот план.

## 10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството „или како што е друго договорено во пишана форма” се користи како во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

- Операторот ќе му даде на Надлежниот орган известување во пишана форма за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

- Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена во пишана форма со Надлежниот орган, може да се спроведува само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно известување во пишана форма за датата на спроведување на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Секоја промена на или реконструкција во смисол на, активноста или некој нејзин дел кој може или би можел да резултира со

а Промена на материјалот или зголемување на:

- природата или количеството на било која емисија;
- системот за намалување/третман или рециклирање;
- опсегот на процесите кои треба да се извршат;
- горивата, суровините, меѓупроизводите, производите или создадениот отпад; или

б Било каква промена на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со негативен ефект врз животната средина;
- било какви промени на преземачот;
- било каква промена која може да има влијание врз животната средина,
- ќе се изведува или ќе започне само со претходно известување и одобрение од страна на Надлежниот орган.

## Додаток 1

*Писмена потврда за известувања*

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на Операторот.
☐ Број на Дозвола.
☐ Локација на инсталацијата.
☐ Датум на доставување на податоци.
☐ Време, датум и локација на емисијата.
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А.
☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.
☐ Име ☐ Пошта.................................
☐ Потпис ☐ Датум
☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

## *Додаток 2*

### *Извештаи за податоците од мониторингот*

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условот 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

| Извештај | Фреквенција на извештајот | Датум на поднесување на извештајот |
|---|---|---|
| Годишен Извештај за Животна Средина (AEP) | Годишно | До 31-ви март секоја година |
| Евиденција на инциденти | Како што се случуваат | Во рок од 5 (пет) дена од инцидентот. |
| Мониторинг на квалитетот на отпадната вода | Квартално | 10 (десет) дена од истекот на тромесечието за кое е поднесен извештај |
| Мониторинг на квалитетот на подземната вода | Квартално | 10 (десет) дена од истекот на тромесечието за кое е поднесен извештај |
| Мониторинг на воздухот | Квартално | 10 (десет) дена од истекот на тромесечието за кое е поднесен извештај |
| Додаток на цели и задачи за животна средина | На секои 5 години, со годишно ревидирање | 3 (три) месеци пред започнување на развојот |

## *Додаток 3*

Отпад за отстранување/повторна употреба Да се надгради согласно доставената измена на барањето

| **Отпаден материјал** | **Број од Европскиот каталог на отпад** | **Главен извор** | **Количина** | | **Преработка/ отстранување во рамките на самата локација** | **Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач** | **Отстранување надвор од локацијата** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Тони/месечно** | **m$^3$ / месечно** | **(Начин и локација)** | **(Метод, локација и превземач)** | **(Метод, локација и превземач)** |
| Мил од одсолување | 05 01 02 | Електродехидратор / процесни постројки | 15 | | На повторна преработка | | |
| Мил од дно на резервоари и посуди | 05 01 03 | Резервоари / резервоарски парк | 2 | | На повторна преработка | | |
| Истурено масло | 05 01 05 | Истекувања при интервенции на опрема / процесни и помошни постројки | не е дефинирана | | На повторна Преработка | | |
| Органски халогени растворувачи, раствори за миење и матични раствори | 07 07 03 | Заситени раствори / лабораторија | | 0.0167 | Се враќа во суровата нафта | | |
| Воден мил од чистење котли што содржат опасни материи | 10 01 22 | Вода и повисоки јаглеводороди / надворешна страна на котли | | 8.33 | Се праќа на третман во пречистителна станица | | |
| Отпад од обезмастување со пареа | 12 03 05 | Јаглеводороди измешани со кондензат | | 0.83 | Се праќа на третман во пречистителна станица | | |

| Отпаден материјал | Број од Европскиот каталог на отпад | Главен извор | Количина | | Преработка/отстранување во рамките на самата локација | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач | Отстранување надвор од локацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Тони/ месечно** | **m$^3$ / месечно** | **(Начин и локација)** | **(Метод, локација и превземач)** | **(Метод, локација и превземач)** |
| Други горива (вклучувајки смеси) | 13 07 03 | Смеси од деривати кои се анализирале / лабораторија | | 0.83 | Се враќа во суровата нафта | | |
| Оловни акумулатори | 16 06 01 | Истрошени акумулатори / машинска работилница | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | |
| Земја и камења што содржат опасни материи | 17 05 03 | Земја измешана со талог добиен при чистење резервоари / резервоарски парк | Не е дефинирана количината талог | | Во базен Т-195/3 | | |
| Мил од физичко-хемиска обработка на отпад што содржи опасни супстанци | 19 02 05 | Седименти и честички кои биле во допир со нафтени деривати | | 0.83 | Во Т-193/1,2,3 | | |

| Отпаден материјал | Број од Европски каталог на отпад | Главен извор | Количина | | Преработка/отстранување во рамките на самата локација | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач | Отстранување надвор од локацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тони/ месечно | $m^3$ / месечно | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) |
| Воден мил од чистење котли што содржат материи поинакви од 10 01 22 | 10 01 23 | Бигор / внатрешна страна на котли | | 8.33 | Т-193/1,2,3 | | |
| Отпадоци од стругање и глодање на необоени метали | 12 01 01 | Челични и метални струготини / Машинска работилница | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | Метална индустрија |
| Отпадоци од заварување | 12 01 13 | Истрошени електроди и згура / Машинска работилница | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | Метална индустрија |
| Гасови во садови под притисок поинакви од оние во 16 05 04 | 16 05 05 | Азот од претходно инертизирани садови / резервоари и садови | 20 тони/год | | Се испушта во атмосферата | | |
| Потрошени катализатори што содржат Au, Ag, Re, Ro, Pd, Ir или Pt (освен 16 08 07) | 16 08 01 | Катализатори / реактори на процесни постројки | се менува по потреба | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | Германија |
| Отпадни облоги и огноотпорни материјали од неметалургиски процеси неспомната во 16 11 05 | 16 11 06 | Отпадни облоги и огноотпорни материјали / печки на процесни постројки | Не е дефинирана | | Се дислоцира како комунален отпад | Превземач ЈКП Илинден | Депонија Дрисла |

| Отпаден материјал | Број од Европски каталог на отпад | Главен извор | Количина | | Преработка/отстранување во рамките на самата локација | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач | Отстранување надвор од локацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тони/ месечно | $m^3$ / месечно | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) |
| Стабилизиран отпад поинаков од оној во 19 03 04 | 19 03 05 | Стабилизирани пирофорни соединенија воглавно продукти од корозија / резервоари за примарен бензин | Не е дефинирана | | Се дислоцира како комунален отпад | Превземач ЈКП Илинден | Депонија Дрисла |
| Мил од биолошка обработка на индустриски отпадни води неспомнати во 19 08 11 | 19 08 12 | Стабилизиран неактивенмил / биолошки дел на пречистителна станица | | 0.83 | Т-195/1,2 | | |
| Друг отпад | 19 08 99 | Мил од двослоен таложник / санитарни води кај двослоен таложник | | 0.167 | Т-195/1,2 | | |
| Хартија и картон | 20 01 01 | Употрбена хартија од листи, документи и др. / администрација | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | Индустрија за хартија |
| Биоразградив отпад од кујни и кантини | 20 01 08 | Остатоци од храна, употребени салфетки и слично / кујните | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комунален отпад | Превземач ЈКП Илинден | Депонија Дрисла |

| **Отпаден материјал** | **Број од Европски каталог на отпад** | **Главен извор** | **Количина** | | **Преработка/ отстранување во рамките на самата локација** | **Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач** | **Отстранување надвор од локацијата** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Тони/ месечно** | **$m^3$ / месечно** | **(Метод, локација и превземач)** | **(Метод, локација и превземач)** | **(Метод, локација и превземач)** |
| Отфрлена електрична и електронска опрема неспомната во 20 01 21, 20 01 23, 20 01 35 | 20 01 36 | Разни искористени неопасни делови / електроработилница | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | |
| Метали | 20 01 40 | Стара опрема (вентили, цевки и сл.) претходно по потреба пропарена / Машинска работилница | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | Метална индустрија |
| Други фракции | 20 01 99 | Стари црева, буриња, катанци, калкулатори, гуми и друго / од разни места во рафинеријата | Не е дефинирана | | Се дислоцира, како комерцијален отпад | Превземач се бара на тендер | Разни индустрии |

# Забелешки и комуникација со месното население, општина Илинден и здружение на граѓани

Забелешки доставени од страна на МЗ „Миладиновци“ бр. 5/07 од 11.06.2007 (наш број: 11-3714/1 од 14.06.2007)
- На ден 30.04.2010 год од страна на Фронт 21/42 доставено е барање бр.11-48511 за пристап до информации од јавен карактер во врска со Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.
- На ден 20.05.2010 год од страна на страна на МЖСПП доставена е информација од јавен карактер бр.11-4851/2 до Фронт 21/42, во врска со Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.
- На ден 17.01.2011 год од страна на Фронт 21/42, доставено е барање бр.11-518/1 за пристап до информации од јавен карактер во врска со Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.
- На ден 16.02.2011 год од страна на МЖСПП доставена е информација од јавен карактер бр.11-518/2 до Фронт 21/42, во врска со Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.
- На ден 21.03.2011 год од страна на МЖСПП доставена е информација бр.11-518/4 во врска со Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци до Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- На 30.05.2011 год од страна на општина Илинден доставени се забелешки и мислења бр. 11-4755/2 по однос на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта Рафинерија на нафта.
- На ден 30.05.2011 год од страна на Фронт 21/42 доставени се коментари бр.11- 5280/1 год во врска со Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.
- На ден 09.06.2011 год од страна на МЖСПП доставена е информација од јавен карактер бр.11- 5280/2 до Фронт 21/42, во врска со Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.
- На 28.06.2011 год од страна на општина Илинден доставени се забелешки и мислења бр. 11- 5948/1 по однос на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта Рафинерија на нафта.
- На 28.06.2011 год од страна на општина Илинден доставени се забелешки и мислења бр. 11- 4755/3 по однос на Нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Окта Рафинерија на нафта.
- На ден 27.12.2011 год од страна на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено е решение бр.11-11472/1 за доставување на Копија од студијата за испитување на загадувањето од Рафинерија на нафта ОКТА с. Миладиновци.

**Месното население инсистира да не се издаде еколошка Дозвола на ОКТА но да се преземат сите неопходни мерки со кои ќе и се наложи на ОКТА да работи според европските еколошки стандарди за работа.**